27418

8ми оиди
Флерпа

12261

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Четврток 12 март 1981 год. стр. 9

Музејот на современата уметност годинава

# ИЗЛОЖБИ, ПРЕДАВАЊА, МОНОГРАФИИ

● ВО СОРАБОТКА СО КИНОТЕКАТА НА СРМ, ОД ДЕНЕС ПОЧНУВААТ ПРОЕКЦИИТЕ НА ФИЛМОВИ ВО КИНО САЛАТА НА МУЗЕЈОТ

Во својата годинашна активност, Музејот на современата уметност од Скопје приоритет ќе му даде на настојувањето да ги збогати своите постоечки збирки преку откупи, легати или подароци. Но, исто така, и да го прошири бројот на збирките на тој начин што ќе оформи збирка на современа уметничка, фотографија од светски карактер. Во оваа прилика да потсетиме дека во минатата година музејот своте збирки ги збогати со 270 нови дела, а годинава има намера не само да ја запази оваа бројка, туку и да ја надмине.

Во однос на активноста во Одделението за образование и други културни дејности, се предвидува организирање на повеќе предавања од областа на современата ликовна уметност, архитектура и индустриски дизајн, за што се поканети стручњаци од Републиката и од земјата. Внимание заслужуваат и проекциите на филмови во кино салата на Музејот што ќе бидат реализирани во соработка со Кинотеката на СРМ. Проекциите ќе почнат да се одвиваат од денес, еднаш или двапати неделно, сѐ до крајот на годинава. Започнуваат во 19 часот. Вечер, на пример, љубителите на филмската уметност во кино салата на МСУ ќе можат да го видат филмот на Франсоа Трифо „Жил и Цим" со Жан Моро, Оскар Вернер и Анри Сер во главните улоги. Оваа статутарна обврска на МСУ, како што е всушност и соработката со Драмскиот театар од Скопје, зборува за отвореноста на Музејот за разно

Научно — истражувачката работа годинава ќе се состои во продолжување на акцијата од републички карактер која се одвива со цел да се регистрираат подвижните и неподвижните уметнички споменици што се наоѓаат на „понедостапни" места како што се приватни збирки, собранијата и други.

Одделот за документација на Музејот годинава ќе работи врз обработката на податоци за современите македонски ликовни уметници од периодот пред војната. Ќе бидат издадени и две монографии: во соработка со „Македонска книга" ќе излезе монографијата за Томо Владимирски, а со „Наша книга — за Дарко Марковиќ. Во издавачката дејност е планирано и излегувањето од печат на нов каталог за постојаната поставка на Музејот.

Во изложбената активност опфатени се пред се македонските уметници, потоа уметници од другите републики — Србија и Словенија и од неколку странски земји. Така, во април самостојно ќе излага Драган Поповски — Дада, а ќе биде отворена и графичката изложба на Димче Николов. Во мај, Музејот се вклучува во одбележување то на 40 — годишнината од НОВ и социјалистичката револуција отварајќи изложба со ликовни дела на оваа тема од сопствената колекција. Во истиот месец ќе биде отворена и една изложба на македонски уметник. Во соработка со Источна Германија, со Дрезден, во јуни ќе има изложба од Ернс Хасебраук. Во летниот период ќе бидат изложени најновите подарени дела на Музејот. На есен постои можност од изложба на графики од А. Дирер. Во ноември — декември ќе биде одржана ретроспективата на Томо Владимирски, а во соработка со Републичката комисија за културни врски со странство, ќе бидат реализирани изложби на македонски уметници во странство и на странски уметници кај нас.

С. Ѓ.